СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# СУДСКИ ТАКСИ ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ

- компаративен преглед-

Лидија Поповска

Советник Истражувач и аналитичар по правосудство и фундаментални права

септември 2023 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ..... 2
ВОВЕД ..... 3
I. РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 4
II. РЕПУБЛИКА СРБИЈА ..... 8
III. РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ..... 10
IV. ЦРНА ГОРА ..... 12
VI. КРАЛСТВО ШПАНИЈА ..... 15
VII. РЕПУБЛИКА ФИНСКА ..... 17
VIII. СУДСКИ ТАКСИ ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ..... 19
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 20

**РЕЗИМЕ**

Предмет на оваа истражувачка работа се судските такси како дел од трошоците на постапка и ослободување од плаќање на истата во следните држави: Република Северна Македонија, Република Србија, Република Црна Гора, Република Хрватска, Кралство Шпанија и Република Финска. Исто така, даден е осврт на специфичностите во однос на причините за ослободување од плаќање на судските такси во земјите членки на Советот на Европа.

Заедничка карактеристика за земјите од регионот е сличната законска рамка со која е опфатено ова прашање. Уставите на државите кои се предмет на оваа анализа го гарантираат правото на слободен пристап до правдата на сите граѓани. Во сите држави е ратификувана Европската конвенција за човекови права и Протоколот Р бр.(81). Основен закон со кој се регулираат судските такси е Законот за судски такси, како и таксената тарифа. Во Хрватска, за разлика од другите држави, таксената тарифа не е составен дел од Законот за судски такси, туку постои посебна Уредба за таксената тарифа.

Во Шпанија и Финска плаќањето на судските такси не претставува услов за отпочнување на судска постапка. Таксите ги плаќа странката која го загубила спорот, но по завршување на судската постапка.

Сите анализирани држави имаат донесено Закон за бесплатна правна помош, додека во Северна Македонија и Хрватска законот разликува примарна и секундарна правна помош, со што ослободувањето од плаќање на судски такси е предвидено во делот за секундарна правна помош. Во Србија и Црна Гора со закон е предвидено ослободување од плаќање трошоци на постапка. Ослободување од плаќање такси е регулирано и во законите за парнична постапка во сите наведени држави, во делот кој ги опфаќа трошоците на постапката.

Судските такси претставуваат дел од националните Буџети на земјите.

Во поглед на ослободувањето, Хрватска, од земјите во регионот има најширок круг на обврзници кои се *ex lege* ослободени од плаќање на судски такси. Плаќањето на судски такси или даноци е карактеристика на европските судски системи. Надоместоците што судовите им ги наплатуваат на странките за решавање на побарувањата се пресметуваат на различни начини низ земјите членки на ЕУ. Тие спаѓаат во три главни категории: фиксни судски такси, такси врз основа на фиксен процент од побарувањето и такси кои варираат во зависност од вредноста на побарувањето.

Во сите држави и ентитети, освен Финска, Франција, Луксембург и Шпанија, од парничарите се бара да платат судски данок или такса за поведување постапка. Во Франција, пристапот до правдата е бесплатен. Во Шпанија физичките лица се ослободени од такси и само компаниите се обврзани да плаќаат. Во Финска, судските такси се наплатуваат по завршувањето на судската постапка.

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа се судските такси како дел од трошоците на постапка во одбрани земји (Северна Македонија, Србија, Хрватска Црна Гора, Шпанија и Финска), со ставање акцент на прашањето за начинот и условите за ослободување од плаќање на судски такси.

Водењето на судските постапки подразбира и трошоци по повод истите, што во голем број случаи претставува пречка во остварувањето и заштитата на правата на поединецот. Од таа причина од особено значење е граѓаните да бидат запознаени со истите како и со можноста за ослободување во случај на тешка социјална и материјална положба. Трошоците на постапката ги сочинуваат издатоци сторени во текот и по повод постапката. Вршејќи ја судската функција во конкретна парница, судот прави издатоци кои се надоместуваат со судски такси. Оттука, судските такси за дејствијата пред судовите преземени во некоја од постапките (парнична, вонпарнична, кривична, постапка за извршување и други) ги плаќа таксениот обврзник, согласно вредности прецизирани во Таксена тарифа. Ослободување од судски такси може да биде предвидено во повеќе закони. Но исто така правото на слободен пристап до правдата, а со тоа и правото на ослободување од трошоци сторени по повод одредена постапка се загарантирани и со меѓународни документи. Правото на ослободување од плаќање на такси и трошоци на постапка е составен дел на правото на правично судење загарантирано со **Европската Конвенција за човекови права**[1]. Конвенцијата ја имаат ратификувано голем број држави, членки на Советот на Европа[2].

Друг значаен документ е **Препорака бр. Р (81),** усвоена од Комитетот на Министри на Советот на Европа. Препораката е усвоена со цел олеснување на пристапот до правда во државите членки. Посебно е нагласено дека трошоци на постапка не смеат да бидат услов за отпочнување на постапка пред суд. Исто така, потенцирано е дека државите треба да обезбедат намалување или укинување на судски такси кога тие се пречка за пристап до правдата, како и да се испита системот на судски такси кога се работи за олеснување по повод истите. Наведеното се однесува и за трошоците за адвокати и експерти. Во Препораката е резимирано дека мора да биде обезбеден некаков облик на контрола врз сите трошоци во судските постапки[3].

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт на* Собранието на Република Северна Македонија.

---

[1] Европска конвенција за човекови права, https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_mkd , чл.6 (пристапено на 17.7.2023)

[2] Интернетска страница на Совет на Европа https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=signatures-by-treaty&treatynum=005 (пристапено на 17.7.2023)

[3] Препорака бр. Р (81), http://www.euromed-justice-iii.eu/document/coe-1981-recommendation-n%C2%BA-r-81-7-committee-ministers-member-states-measures-facilitating (пристапено на 17.7.2023)

## I. РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Правото на правично судење и еднаквост во остварувањето на правата е загарантирано со Уставот на РСМ, како и со ратификувани меѓународни документи, пред се Европската конвенција за заштита на човекови слободи и права, Протоколот Р81 и други. Освен Уставот и меѓународните документи повеќе закони го опфаќаат прашањето за ослободување од судски такси.

Во нашата држава плаќањето на судските такси како дел од трошоците на постапка пред судовите е уредено со **Законот за судските такси** како и Таксена тарифа која е составен дел на овој закон[4]. Оттука, судските такси се плаќаат во: парнична; вонпарнична; постапка за извршување; кривична постапка поведена по приватна тужба и по барање на супсидијарен тужител; постапка по управни и управно-сметководни спорови; постапка за упис во регистри што ги води судот; стечајна постапка и постапката за ликвидација и други случаи предвидени во Таксената тарифа. Пропишаните такси е должно да ги плати лицето (таксен обврзник) по чиј предлог се поведува одредена постапка, или пак лицето кое има интерес за преземање на дејствија во постапката. На пример, за одлука на судот такса плаќа тужителот односно предлагачот; за судско порамнување плаќаат и двете странки освен ако поинаку не се спогодиле; во случај кога две или повеќе лица се должни да ја платат таксата заедно, обврската за плаќање е солидарна. Во оставинската постапка пак, наследниците таксата ја плаќаат сразмерно со големината на наследниот дел, а доколку постапката се води пред нотар како повереник на судот не се плаќа такса, освен такса за поднесување на предлогот пред суд.

Нецелосно платената или неплатената такса го задржува текот на постапката освен ако со закон поинаку не е определено. Исклучок постои кога парничната постапка ја поведува стечаен управник, па во тој случај неплатената такса не го задржува текот на судската постапка. Исто така, доколку странката во стечајната постапка поднесува жалба против решение на стечајниот управник за кое е должна да плати такса пред поднесување на жалбата, истата не ја плати, на нејзино барање судот е должен да ги прими поднесоците за кои таксата не е или пак нецелосно е платена[5].

Правото на наплата на такса застарува по истек на три години по истекот на годината во која требало да се плати таксата. Кога станува збор за правото на присилна наплата на таксата, казнена такса и извршување, застарување настапува исто така по истек на три години од годината во која е донесено решението од Управата за јавни приходи. Прекин на застареност настанува со преземање на секое дејствие од страна на надлежниот орган заради наплата, односно присилна наплата на такса. Застареност настапува во секој случај кога ќе поминат пет години од моментот кога настанала обврската за плаќање такса, што се констатира со решение[6].

Судските такси се приход на Буџетот на РСМ и истите се плаќаат кога ќе настане таксена обврска. Таксите се плаќаат во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамки на трезорската сметка, преку мобилни оператори или преку интернет, на начин пропишан од министерот за правда во согласност со министерот за

[4] Закон за судските такси („Службен весник на РМ“ бр. 114/09, 148/11, 106/13, 166/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 257/20)
[5] *Ibid*, чл.6
[6] Закон за судските такси („Службен весник на РМ“ бр. 114/09, 148/11, 106/13, 166/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 257/20), чл.7

финансии и министерот за информатичко општество и администрација[7]. Начинот на плаќање освен со Законот е уреден и со **Правилник за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет[8].** Вредноста на предметот на спорот заради наплата на таксата се утврдува според вредноста што ја имало барањето, односно предметот на спорот во времето на поднесувањето на поднесокот, односно преземањето на дејствието[9].

Оттука, како **таксена основица** со Законот се утврдени следните вредности:

1) износ од 10.000 денари во споровите:
   - за вршење на родителски права;
2) износ од 20.000 денари во споровите:
   - за утврдување на постоење или непостоење на брак,
   - за поништување или развод на брак и
   - за доживотно издржување;
3) износ од 40.000 денари во споровите:
   - за стварни и лични службености,
   - за отказ на договор за закуп на деловна зграда или деловна просторија и
   - за смеќавање на владение и предавање во владение и
4) износ од 40.000 денари во сите други спорови, ако со Законот поинаку не е определено.

*Како таксена основица останува првобитната вредност на предметот на спорот, без оглед на тоа дали таа вредност се променила во текот на постапката*. Но, во случај кога странката многу високо или многу ниско ја одредила вредноста на спорот за определување на таксената основица, предвидена е можност судот најдоцна до закажување на подготвителното рочиште на брз и погоден начин да ја утврди вредноста на спорот. На ист начин судот постапува и кога таксената основица е неправилно утврдена, за која цел носи решение против кое е дозволена посебна жалба во случаи определени со закон и во овие случаи како таксена основица се зема ново утврдената вредност[10].

Во **таксената тарифа** во зависност од видот и преземените дејствија во постапката е утврдена висината на вредноста на спорот изразена во денари, за секоја постапка поединечно[11]. Важечките одредби во однос на овој дел од Законот се производ на последната законската измена од 2020 година[12]. Во воведниот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси, како причина поради која произлегува потребата од законски измени е наведено обезбедувањето на услови за олеснување на пристап до правдата преку намалување на горниот праг на висината на судската такса за физички лица таксени обврзници при поднесување на тужба, противтужба и предлог за повторување на постапка пред суд. Исто така, наведено е дека

[7] *Ibid*, Основни одредби, чл.4,чл.5, чл.8
[8] Правилник за начин на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет („Службен весник на РМ“ бр. 76/2012)
[9] Закон за судските такси („Службен весник на РМ“ бр. 114/09, 148/11, 106/13, 166/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 257/20), Утврдување на вредноста за наплатување на такса, Глава III
[10] Закон за судските такси („Службен весник на РМ“ бр. 114/09, 148/11, 106/13, 166/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 257/20), чл. 24
[11] *Ibid*, Таксена тарифа
[12] Закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси („Службен весник на РСМ“ бр. 257/2020)

измената која се предлага е согласно основната намера на Владата на Република Северна Македонија за членство во Европската Унија и дека е во духот на реформите во областа судство и негово натамошно унапредување[13].

Поради наплата на неплатените судски такси, во Законот е пропишана **постапката при наплата на неплатена такса.** Во случаи определени со закон кога странката не доставила доказ за платена такса, судот и доставува налог со укажување во однос на рокот за плаќање, како и за последиците од неплаќање на таксата. Доколку пак таксениот обврзник живее во странство, без оглед на тоа дали станува збор за домашен или странски државјанин таксата не ја платил во моментот на настанување на таксената обврска, судот води попис на ненаплатената такса и по завршување на постапката издава налог, со тоа што рокот за плаќање на таксата не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од 60 дена. Во ваков случај се засметува и казнена такса која изнесува 50% од вредноста на неплатената такса. Доколку таксата, во сите случаи определени со закон, не биде платена во законски утврдените рокови, судот поднесува барање до Управата за јавни приходи во рок од три дена да изврши присилна наплата. Управата за јавни приходи по приемот на барањето донесува решение за присилна наплата на таксата зголемена за 50% на име казнена такса. И двете такси се наплаќаат и се книжат во корист на сметката на приходите од судски такси во Буџетот на Република Северна Македонија, по што Управата го известува судот за извршената наплата. Против решението за присилна наплата дозволена е жалба која не го одложува извршувањето на решението. Надлежен да одлучува по жалбата е министерот за финансии[14].

Законот предвидува и можност за **враќање на веќе уплатената такса** во случаи кога такса платило лице кое воопшто не било должно да ја плати или платило такса во поголем износ од пропишаниот или пак платило такса за судско дејствие кое воопшто не било извршено, освен кога со поднесок барало да биде извршено дејствието. Враќањето на таксата се врши по претходно поднесено барање до судот, по што судот донесува одлука. Одлуката судот ја доставува до Министерството за финансии кое донесува решение за враќање на таксата. Враќањето на таксата се врши на товар на приходите од судски такси. Во постапката за враќање на таксата не се плаќа такса[15].

## Ослободување од плаќање на судска такса (законска рамка) во РСМ

Најпрво, согласно **Законот за судските такси**, од плаќање на судска такса се ослободени Република Северна Македонија, државните органи, Организација на Црвен крст, како и странски држави, странски државјани и меѓународни организации, доколку тоа е предвидено со меѓународен договор ратификуван согласно нашиот Устав или под услов на реципроцитет. Исто така ослободени од плаќање на судска такса се и поранешните вработени за пријавување на побарување од работен однос кај стечајниот должник во стечајна постапка согласно со **Законот за стечај**, граѓаните во постапка за одлучување по барање

[13] Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=036451c4-94b9-4014-b297-740223ef9af0

[14] Закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси(„Службен весник на РСМ“ бр. 257/2020), Глава IV

[15] Закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси („Службен весник на РСМ“ бр. 257/2020), Глава V

за ослободување од трошоци на постапката, граѓаните во управни спорови од областа на социјалното осигурување, социјалната помош, старателството и посвојувањето и денационализација. Понатаму, ослободени од плаќање на такса се и граѓаните во постапка за извршување на барање за доверување на дете на чување и воспитание, како и старател на отсутно лице со непознато престојувалиште, старател на имот чиј сопственик е непознат, привремен застапник поставен од судот.

Согласно **Законот за судските такси**, кога станува збор за **физички лица** ослободување постои доколку со плаќањето на таксата значително би биле намалени средствата од кои се издржува странката или членовите на нејзиното семејство, а исто така судот може да го одложи плаќањето таксата се до донесувањето на одлука или да дозволи плаќање на таксата на рати. Без оглед на причината судот носи решение за ослободување од плаќање такса, за одлагање на плаќање на такса или за плаќање на рати, по претходен предлог од странката во рок од пет дена од денот на поднесениот предлог во судот. Странката кон предлогот приложува докази за личната имотна состојба, за имотната состојба на членовите на неговото домаќинство со кои живее, и изјава за неговата материјално социјална состојба за период од шест месеца пред доставувањето на предлогот. Правото на ослободувањето од плаќање на судска такса се однесува само на лицето на кое му е признаено истото[16]. Ослободување од плаќање на судските такси е предвидено за странките на кои значително би им се намалиле средствата од кои се издржува странката или членовите на неговото семејство, е пропишано и со **Законот за парнична постапка**[17].

**Законот за бесплатна правна помош** во делот за секундарната правна помош исто така предвидува ослободување од плаќање на судски такси и тоа во: граѓански судски постапки; управни постапки и управни спорови; постапки пред нотар; државни органи и други[18].

Постапката за одобрување на секундарната правна помош почнува со поднесување на барање до Министерство за правда, а право да поднесе барање има: државјанин на РСМ со постојано живеалиште во РСМ; странски државјани со дозвола за постојан или привремен престој во РСМ или лице без државјанство кое законски престојува во нашата земја; лице кое има право на правна помош обезбедена од РСМ согласно меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и барателите на правото на азил.

На барателот ќе му се одобри секундарна правна помош доколку:

- ги исполнува условите во однос на имотот,
- доколку барањето е оправдано,
- доколку ги исполнува условите за секундарна помош по исклучок.

Во зависност од исполнувањето на условите за секое поднесено барање овластено службено лице од подрачното одделение на Министерството за правда донесува потврда со која барањето се одобрува или известување дека барањето се одбива. Со потврдата донесена од Министерството со која се

[16] Закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси („Службен весник на РСМ“ бр. 257/2020), Глава II
[17] Закон за парнична постапка, Редакциски пречистен текст https://dejure.mk/zakon/zakon-za-parnichnata-postapka (пристапено на 17.07.2023)
[18] Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019)

одобрува секундарната правна помош се ослободува корисникот од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд согласно закон.

Правото на бесплатна правна помош извира од правото на еднаквост на сите граѓани пред Уставот и законите во остварување и уживање на слободите и правата. Ова право е резултат на меѓународни документи за човекови права, вклучувајќи ја и Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, Протоколот P81 и други. Северна Македонија, Европската конвенција за човекови права ја има ратификувано и истата стапува на сила во 1997 година[19].

## II. РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во Република Србија прашањето за судските такси е регулирано со Законот за судските такси[20]. Законот го уредува системот на судските такси и содржи тарифа со која е одредена висината на судските такси во зависност од видот на постапката. Пропишаните надоместоци ги плаќаат лицата на чиј предлог или во чиј интерес се преземаат дејствија во судските постапки за кои плаќањето на таксите е определено со овој закон и тоа: за поднесоци; за судски записници кога се побарани од судот; за судски одлуки; судски спогодби; за паушален надоместок во постапка за расправање на наследство; во постапка за реорганизација и стечајна постапка и за други дејствија кога се бара нивно преземање[21]. Судските такси се дел од Буџетот на Република Србија односно се уплаќаат на сметка на Буџетот. Нецелосно платената или неплатената такса не го одложува текот на постапката, освен во случаи определени со овој Закон. Доколку таксениот обврзник бара, судот е  должен да прими поднесоци за кои таксата не е платена или е нецелосно платена. Застарување на обврската за плаќање на судската такса настапува по истек на три години од календарската година во која настанала таксената обврска.

При утврдување на вредноста на спорот во парничната постапка таксите се плаќаат според вредноста на предметот на спорот и тоа во моментот на поднесување на тужбата, а под вредност на предмет на спорот всушност се подразбира вредноста на главното побарување. Одредбите кои се однесуваат на утврдување на вредноста на спорот во парничната постапка се однесуваат и на извршната постапка, управните спорови и во останатите постапки. Без оглед на тоа дали вредноста се променила во текот на постапката, основа за плаќање на таксата останува првично утврдената вредност, освен во случаи определени со закон[22].

---

[19] Интернетска страница на Совет на Европа https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list?module=signatures-by-treaty&treatynum=005 (пристапено на 17.07.2023)

[20]Закон за судски такси на РС („Сл. гласник“ бр. 28/1994-762, 53/1995-1999, 16/1997-288, 34/2001-1 (др. закон), 9/2002-20, 29/2004-1, 61/2005-4, 116/2008-11 (др. закон), 31/2009-91, 101/2011-273, 93/2012-29, 93/2014-7,106/201563,95/2018338), https://www.pravnoinformacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/1994/28/8/reg (пристапено на 17.07.2023)

[21] *Ibid,* чл.2

[22]*Ibid*, Глава II

Во **таксената тарифа** во зависност од видот и преземените дејствија во постапката е утврдена висината на вредноста на спорот изразена во динари, за секоја постапка поединечно[23].

Доколку лицето кое е должно да плати такса не ја плати во предвидениот рок, судот го предупредува дека е должно да ја плати таксата во рок од осум дена и ќе укаже на последиците од неплаќањето на таксата. Доколку и во овој рок лицето не ја плати таксата, судот во наредните пет дена носи решение за извршување со задолжување таксениот обврзник да ја плати таксата и казнена такса во висина од 50% од вредноста на таксата која ја должи, во рок од пет дена од денот на приемот на решението, по што решението го доставува до извршителот. Против решението е дозволена жалба, но жалбата не го одлага извршувањето на истото. Постапката за извршување се спроведува согласно Законот за извршување и обезбедување. Во случаи кога износот на неплатена такса во еден предмет по завршување на сите дејствија, односно по правосилноста на предметот не го надмине износот на најниската такса што се плаќа за тужба во граѓанската постапка судот нема да покрене постапка за присилна наплата на таксата[24]. За определени случаи Законот предвидува можност за враќање на веќе уплатената такса[25].

**Ослободување од плаќање на судска такса (законска рамка) во Република Србија**

Правната рамка со која се уредува прашањето за ослободување од плаќање на судските такси е содржана од неколку закони: Закон за судските такси, Закон за парнична постапка, и во одредени одредби од Законот за заштита на потрошувачите, но исто така ова право е загарантирано и со меѓународни акти: Европската Конвенција за човекови слободи и права, како дел од правото на пристап до правдата и Протоколот Р81.

Во **Законот за судски такси** е предвидено дека ослободување постои во однос на поединечни субјекти, како и во случај кога таксениот обврзник нема доволно финансиски средства. Одередени субјекти се ex lege ослободени од плаќање такси (задолжително таксено ослободување)[26]. Од друга страна ослободување од плаќање на такса е можно и кога станува збор за лица кои не се изречно наведени во законот но постојат причини од социјално економска природа кои го налагаат тоа: доколку со плаќањето на таксата нему лично или на член на неговото домаќинство би му било загрозено социјалното осигурување, земајќи го во предвид износот на средствата од кои должникот и членовите на неговото домаќинство се издржуваат. Одлука за ослободување од плаќање на судска такса носи првостепен суд на предлог на таксениот обврзник во зависност од вредноста на таксата, вкупниот приход на таксениот обврзник и членовите на неговото домаќинство и бројот на лицата кои таксениот обврзник ги издржува. Постапката за ослободување од плаќање на такса започнува со доставување на потврда издадена од надлежен орган по предлог за ослободување од плаќање на такса од страна на таксениот обврзник до судот, со податоци за висината на личниот приход и членовите на неговото домаќинство, како и општи податоци за имотот. Судот носи решение по предлогот против кое не е дозволена жалба

[23] *Ibid,* Таксена тарифа
[24] *Ibid*, Глава IV
[25] *Ibid*, Глава V
[26] Закон за судски такси на РС, Глава II

доколку предлогот е усвоен. Во случај кога судската постапка трае подолго од две години, лицето ослободено од плаќање на такса е должно по истек на втората и секоја наредна година да поднесе ново уверение за својата имотна состојба. Освен со Законот за судски такси, ослободување од плаќање судски такси е можно и врз основа на други процесни закони.

**Законот за парничната постапка**[27] предвидува ослободување од плаќање на судски такси како дел од трошоци на постапката под општ услов, кога имотната состојба на странката оневозможува плаќање на трошоците на постапката и општи и посебни критериуми според кои судот проценува дали е исполнет општиот услов за ослободување од трошоци на постапката. Ослободување од плаќање на процесни трошоци вклучува ослободување од плаќање такса и ослободување од плаќање аконтација за трошоци за сведоци, вештаци, истраги и судски соопштенија. Во исто време, судот може странката да ја ослободи само од плаќање на такса, согласно одредбите од посебен закон. Решение за ослободување од плаќање на трошоци на постапка, судот носи врз основа на проценка на сите околности: вредноста на предметот на спорот, бројот на лицата кои странката ги издржува и приходот и имотот во сопственост на странката и членовите на неговото семејство.

Интересно е да се напомене дека иако целта на **Законот за бесплатна правна помош**[28] е на секое лице да му обезбеди ефикасен и еднаков пристап до правдата, сепак судските такси не се предвидени како еден вид на бесплатна правна помош и поддршка. Дотолку повеќе што како видови на бесплатна правна помош овој Закон ги предвидува давањето на правни совети, составување на поднесоци, застапување и одбрана[29]. Додека, бесплатната правна поддршка се состои од давање на општи правни информации, потполнување на формулари, составување на нотарски исправи и посредување во решавање на спорови[30].

Во Република Србија со Устав се ратификувани **Европската конвенција за човекови права и Протоколот P (81)**.

## III. РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Основен закон со кој се регулираат судските такси Во Република Хрватска е **Законот за судски такси и таксената тарифа**[31]. Судските такси се плаќаат: во граѓанска постапка, вонпарнична, извршна, оставинска постапка, кривична постапка по приватна тужба, во управна спорови, во постапката на запишување во судски регистар, во постапка за стечај и ликвидација и во други случаи пропишани со закон. Пропишаните такси ги плаќа странка на чие барање или во чиј интерес се преземаат дејствијата пропишани со законот. За одлуки на првостепен суд таксата ја плаќа странка што ја покренува постапката. Доколку

[27] Закон за парнична постапка на РС („Сл. гласник“ бр. 72/2011-73, 49/2013-54 (УС), 74/2013-18 (УС), 55/2014-53, 87/2018-53, 18/2020-5, 10/2023-14 (др. закон)), https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/2011/72/2/reg, (пристапено на 17.7.2023) чл.168
[28] Закон за бесплатна правна помош на РС: 87/2018-77, https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/2018/87/15/reg (пристапено на 17.7.2023)
[29] *Ibid* ,чл.6
[30] *Ibid*, чл.11
[31] Закон за судски такси на Република Хрватска бр.118/18, 51/23 https://www.zakon.hr/z/224/Zakon-o-sudskim-pristojbama

две или повеќе лица се задолжени заедно да ја платат таксата, нивната обврска е солидарна. Правото на наплата на судска такса застарува за пет години од истек на годината во која требало да се плати. Приходите од судски такси се приход на државниот буџет на Република Хрватска[32].

При **утврдување на вредноста спорот** во парничната постапка таксите се плаќаат според вредноста на предметот на спорот и тоа во моментот на поднесување на тужбата. Одредбите кои се однесуваат на утврдување на вредноста на спорот во парнична постапка се однесуваат и на останатите постапки, освен ако со таксената тарифа не е определено поинаку[33].

Врз основа на Законот за судски такси, Владата на Република Хрватска донесе нов **Правилник за тарифа на судски такси.** Во таксената тарифа во зависност од видот и преземените дејствија во постапката е утврдена висината на вредноста на спорот изразена во евра, за секоја постапка поединечно[34]. Законот регулира **Постапката за наплата на неплатени такси**. Во овој случај судот најпрво доставува опомена до таксениот обврзник, во кој го повикува да ја плати таксата во определен рок, со укажување на последиците за неплаќање на истата[35]. Предвидена е и можност за **враќање на веќе уплатена такса** под услови определени со овој Закон[36].

## Ослободување од плаќање на судска такса ( законска рамка ) во Република Хрватска

Ослободувањето од плаќање судски такси е утврдено со следниве закони:

- Законот за судски такси опфаќа широк круг на обврзници кои се *ex lege* ослободени од плаќање такси (задолжително таксено ослободување)[37]. Важечките одредби во однос на овој дел од Законот се производ на последната законската измена од 2023 година[38].
- Законот за бесплатна правна помош исто така предвидува ослободување од плаќање судски такси и ослободување од плаќање на трошоците на судските постапки признати како посебен вид на бесплатна правна помош[39].
- Ослободувањето е можно и врз основа на други процесни закони: Закон за парнична постапка, Закон за кривична постапка и други.

Законот за бесплатна правна помош дефинира примарна и секундарна правна помош. Примарната правна помош вклучува: општи правни информации; правен совет; изготвување на поднесоци пред јавните органи, Европскиот суд за човекови права и меѓународните организации во согласност со меѓународните договори и правилата за работа на овие тела; правна помош при вонсудско

[32] Закон за судски такси на Република Хрватска (Н.Н. бр.118/18, 51/23), Општи одредби, Глава I
[33] *Ibid* , Утврдување на вредност заради наплата на такса, Глава III
[34] Правилник за тарифа на судски такси https://www.zakon.hr/cms.htm?id=56446, (НН бр. 37/2023 од 31.3.2023.)
[35] Закон за судски такси на Република Хрватска (НН. бр. 118/18, 51/23), Постапка за наплата на неплатени такси, Глава V
[36] Закон за судски такси на Република Хрватска (НН. бр. 118/18, 51/23), Враќање на такса, Глава VI
[37] Закон за судски такси, чл. 11
[38] Закон за измена на Закон за судски такси (НН бр. 51/23), https://narodne-novine.nn.hr/eli/sluzbeni/2023/51/840/pdf
[39] Закон за бесплатна правна помош во Република Хрватска (НН бр. 143/13, 98/19), https://www.zakon.hr/z/286/Zakon-o-besplatnoj-pravnoj-pomo%C4%87i

мирно решавање на спорови и други. Примарната правна помош ја обезбедуваат окружните административни органи, градската канцеларија на општа администрација на градот Загреб, овластени здруженија и правни клиники. Секундарната правна помош вклучува: ослободување од плаќање судски такси;  ослободување од плаќање на трошоците на судската постапка; правен совет; изготвување на поднесоци во постапката за заштита на правата на работниците пред работодавачот; застапување во судска постапка и друго. Право на бесплатна правна помош може да стекне: хрватски државјанин; дете кое нема хрватско државјанство и е пронајдено во Република Хрватска без придружба од возрасно лице одговорно според законот; странец на привремен престој под услов на реципроцитет или странец на постојан престој; странец под привремена заштита и други. Постапката за одобрување секундарна правна помош ја започнува со поднесување барање за одобрување секундарна правна помош, на пропишан образец, до надлежниот управен орган на чија територија барателот има живеалиште. Кон барањето се приложува писмена согласност на барателот и писмената согласност на членовите на неговото домаќинство за дозвола за преглед на сите податоци за вкупниот приход и имотот.

За остварување на правото за секундарна правна помош потребно е исполнување на одредени следниве услови: доколку се работи за посложена процедура; доколку барателот нема способност да се претставува себеси; доколку финансиските околности на барателот се такви што плаќањето на потребната стручна правна помош може да ја загрози личната и егзистенцијата на членовите на неговото домаќинство, во согласност со посебните претпоставки поврзани со финансиската состојба на барателот; доколку не се работи за нерешена парница и слично.

Во зависност од видот на постапката, секундарна правна помош може да се одобри во: постапки од работни односи; во постапки од семејни односи, освен во бракоразводна постапка во која брачните другари немаат малолетни заеднички или посвоени деца или деца над кои вршат родителска грижа по полнолетството; извршни постапки и други[40].

Во Република Хрватска со Устав се ратификувани **Европската конвенција за човекови права и Протоколот Р (81).**

## IV. ЦРНА ГОРА

Во Црна Гора основен закон со кој се регулира плаќањето на судски такси е **Законот за судски такси и таксената тарифа** која е составен дел на Законот[41]. Пропишаните такси е должно да ги плати лицето (таксен обврзник) по чиј предлог или во чиј интерес се поведува одредена постапка. На пример, за поднесоци и за записници што ги заменуваат, такса плаќа лицето по чие барање се составува записникот; за одлука на судот такса плаќа тужителот односно

[40] Интернетска страница на Министерство за правда на РХ, https://gov.hr/hr/besplatna-pravna-pomoc/1114 (пристапено на 18.7.2023 година)
[41] Закон за судски такси на Република Црна Гора („Сл. лист“ РЦГ, бр. 76/2005, 39/2007 – Одлука УС РЦГ и 40/2010), https://me.propisi.net/zakon-o-sudskim-taksama/ (пристапено на 18.7.2023 година)

предлагачот; за судско порамнување плаќаат и двете странки освен ако поинаку не се спогодиле; во случај кога две или повеќе лица се должни да ја платат таксата заедно обврската за плаќање е солидарна. Таксите се плаќаат кога ќе настане таксена обврска и истите се дел од Буџетот на државата[42].
Во овој закон се регулирани одредбите за **Утврдување на вредноста заради наплата на такса**, во зависност од видот на постапката[43].

Во **таксената тарифа** во зависност од видот и преземените дејствија во постапката е утврдена висината на вредноста на спорот, за секоја постапка поединечно[44]. Исто така регулирана е **Постапката за наплата на неплатени такси**. Во овој случај судот најпрво доставува опомена до таксениот обврзник, во кој го повикува да ја плати неплатената или нецелосно платената такса во определен рок, со укажување на последиците за неплаќање на истата[45]. Предвидена е и можност за **враќање на веќе уплатена такса** под услови определени со Закон[46].

### Ослободување од плаќање на судска такса

Според Законот *одредени субјекти се ex lege ослободени од плаќање судски такси* и тоа: Република Црна Гора, државни органи и јавни институции; органи на локалната самоуправа; хуманитарни организации; лица кои учествуваат во остварувањето на работничките права т.е. службен однос; зависни лица во постапката за правна издршка; тужители во судска постапка за признавање на мајчинство, односно татковство; обвинители во спорови за старателство и воспитување деца; брачен другар, дете или родител на исчезнато лице во процес на прогласување на исчезнато лице за умрен и доказ за смрт. Странска држава и граѓани се ослободени од плаќање данок само доколку е предвидено со меѓународен договор или под услов на реципроцитет[47].

Покрај задолжителното ослободување од плаќање такси, судот може исто така да ослободи физичко лице од плаќање на судска такса, доколку со плаќањето на таксата значително би се намалиле средствата од кои лицето и членовите на неговото семејство се издржуваат. Во однос на ослободувањето од плаќање на таксата во овој случај соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парнична постапка за ослободување од плаќање на трошоците на постапката. Во прилог на предлогот за ослободување од плаќање на судска такса, таксениот обврзник е должен да достави и потврда за неговата имотна состојба не постара од шест месеци, сметајќи од денот на нејзиното издавање до датумот на поднесување на предлогот. Во смисла на наведеното, потврда за имотна состојба на таксениот обврзник издава управен орган надлежен за работите од областа на приходи каде таксениот обврзник има живеалиште. Потврдата за имотната состојба мора да содржи податоци за висината на приходот на даночниот обврзник и членовите на неговото домаќинство, како и за други извори на приход и генерално за имотната состојба на лицето на кое му е издадена потврдата. Во приходите не се вклучени приходите остварени по основ

[42] *Ibid*, Основни одредби, Глава I
[43] *Ibid*, Утврдување на вредност заради наплата на такса, Глава III
[44] *Ibid*, Таксена тарифа
[45] *Ibid*, Постапка за наплата на неплатени такси, Глава IV
[46] *Ibid*, Поврат на такси, Глава V
[47] *Ibid*, чл.8

на инвалидско осигурување, материјално обезбедување, образование, издршка, социјална помош и детски додаток.

Против решение на суд со кое се одобрува предлогот не е дозволена жалба. Одлуката за ослободување од плаќање такса се однесува на сите такси за соодветниот предмет на постапка, без оглед кога настанала таксената обврска. Доколку е поведена постапка за наплата на такси за кои настанала обврската за такса пред да се донесе решение за ослободување од плаќање на истите, постапката ќе се прекине, а таксата што е наплатена ќе биде вратена. Ослободување од плаќање такса се однесува само на таксениот обврзник на кој му е одобрено ослободување. Решението за ослободување од таксата судот може да го укине во текот на постапката, доколку утврди дека странката е способна да ја плати таксата[48].

Ослободување од плаќање на судски такси, како дел од трошоци на постапка е предвидено и во **Законот за парнична постапка**. Согласно овој закон судот ќе ја ослободи странката од плаќање на трошоците на постапката која според својата општа финансиска состојба не е во состојба да ги поднесе истите и доколку со плаќањето на таксите значително би се намалиле средствата од кои се издржуваат странката и членовите на нејзиното семејство. За остварување на оваа право, странката најпрво поднесува барање за ослободување од плаќање на такса, при што е должна да изнесе факти и да достави докази со кои се потврдуваат тие факти. Првостепениот суд носи решение за ослободување од плаќање на трошоците на постапката во рок од осум дена од поднесувањето на барањето. При донесување на решение судот внимателно ги цени сите околности, земајќи ја во предвид вредноста на предметот на спорот, бројот на лицата поддржани од странката и приходите на партијата и членовите на нејзиното семејство. Против оваа решение не е дозволена жалба[49].

Ослободување од плаќање на судски такси во вид на ослободување од плаќање на трошоците на постапката пред судовите е регулирано и во **Законот за бесплатна правна помош[50].**

Во Република Црна Гора со Устав се ратификувани **Европската конвенција за човекови права и Протоколот Р (81).**

[48] *Ibid*, Ослободување од плаќање на такси, Глава II (од чл.9 до чл.18)
[49] Закон за парнична постапка на Црна Гора („Сл. лист РЦГ“, бр. 22/2004, 28/2005, 76/2006 и „Сл. лист ЦГ“, бр. 47/2015, 48/2015, 51/2017, 75/2017, 62/2018, 34/2019, 42/2019 и 76/2020), https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-parnicnom-postupku.html , Ослободување од плаќање на трошоци на постапка (од чл.166 до чл.171) (пристапено на 18.7.2023)
[50] Закон за бесплатна правна помош во РЦГ („Сл. лист РЦГ“, бр. 20/2011) https://media.cgo-cce.org/2013/06/19-Zakon-o-besplatnoj-pravnoj-pomoci.pdf ,чл. 2 (пристапено на 18.7.2023)

Табела 1. Приказ на висина на судски такси во одредени видови постаки во Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора, изразени во евра[51]

| Вид на постапка | Северна Македонија | Србија | Хрватска | Црна Гора |
|---|---|---|---|---|
| **ПАРНИЧНА ПОСТАПКА** (тужба,жалба, приговори,одговор на тужба,жалба и др.) | **7,8 - 780 евра** | **16 - 832,6 евра** | **13,27- 663,61 евра** | **20 -750 евра** |
| **ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА** | **7,8 - 156 евра** | **8,5 - 640 евра** | **13,27 - 331,81 евра** | **20 - 300 евра** |
| **КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПО ПРИВАТНА ТУЖБА** | **7,8 - 13 евра** | **5 - 8,3 евра** | **33,18 евра** | **10 - 25 евра** |
| **УПРАВНИ СПОРОВИ** | **7,8 - 26 евра** | **3,3 -16,2 евра** | **53,09 - 265,45 евра** | **20 - 30 евра** |

## VI. КРАЛСТВО ШПАНИЈА

Во Шпанија, прашањата за судските такси и другите трошоци во постапките пред судовите се уредени со Уставот, Кодексот за граѓанска постапка, Законот за парнична постапка, Законот за правна помош и други.

**Кодексот за граѓанска постапка** го уредува прашањето за фиксните трошоци во граѓанската постапка кои што мора да се платат. Од странките во парницата секогаш се бара да плаќаат такси на нивните адвокати и да плаќаат аванси за такси на нивните законски застапници, но точниот износ на сметката се утврдува по завршување судскиот спор. Адвокатите и правните застапници можат да бараат од своите клиенти аванс за такси додека трае постапката или да платат откако ќе се заврши постапката[52].

Согласно законодавството на Шпанија, судската такса е национален данок што мора да се плати во одредени случаи, од правни лица, за одење на суд и користење на јавната услуга за спроведување на правдата. За управување со овој данок надлежен орган е Министерството за финансии и јавна администрација. Судската такса е задолжителна и истата е законски воведена во 2001 година. Во *2015 година укинати се судските такси за физичките лица во сите јурисдикции и за сите видови постапки.*

Согласно Законот бр. 10/2012 таксата за судските постапки (граѓански, административни и постапки по работни спорови) е национална такса што се наплатува подеднакво на целата територија на Шпанија во случаите предвидени

[51] Висината на судските такси во земјите прикажани во табелата е изразена во евра за сите земји.
За РСМ вредноста е пресметана според курсна листа на НБРСМ од 14.9.2023 година ( 61,5 денари = 1 евро) https://www.nbrm.mk/kursna_lista.nspx (пристапено на 14.9.2023)
За РС вредноста е пресметана според курсна листа на НБС од 14.09.2023 година (117,1 динари = 1 евро) https://www.nbs.rs/sr_RS/finansijsko_trziste/medjubankarsko-devizno-trziste/kursna-lista/zvanicni-srednji-kurs-dinara/index.html (пристапено на 14.09.2023)

[52] Официјална интернетска страница на Европската Унија https://e-justice.europa.eu/37/EN/costs?SPAIN&member=1 (пристапено на 13.9.2023)

со Законот и истите не се во спротивност со таксите и другите даноци предвидени од автономните заедници при извршувањето на нивните надлежности во оваа област. Тоа се однесува на следниве случаи односно процедурални чекори: при поднесување на тужба во било кој вид на постапка; побарувања во стечајна постапка; покренување на управна постапка; поднесување на вонреден правен лек за повреда на правилата на парнична постапка; поднесување жалби во граѓански и управни судски предмети и други. Судската такса ја плаќа поведувачот на судската постапка, правниот застапник (прокуратор) или адвокатот во име на странката.

Исто така законот дефинира и исклучоци кога не постои обврска за плаќање на судската такса. Најпрво, исклучоци се предвидени за одредени категории на правни дејствија, и тоа: покренување тужба и поднесување на последователни жалби кои вклучуваат постапки специјално формирани за заштита на основните права и јавни слободи; за жалби против однесувањето на изборната администрација; поведување тужба за извршување на одлуките за кои одлучува Арбитражниот одбор за потрошувачи; постапка за судска поделба на имотот и други. Исклучоци се предвидени и за: физички лица; правни лица кои имаат право на правна помош; јавното обвинителство; општите управи на државата и на автономните заедници, локалните власти и сите јавни тела под нивна надлежност; шпанскиот парламент и законодавните собранија на автономните заедници[53].

Фиксните трошоци за странките во кривичната постапка се регулирани со Кодексот за граѓанска постапка. Обвинетите за кривично дело, лицата кои биле предмет на апсење или која било друга мерка на претпазливост или лицата кои треба да бидат изведени пред суд, имаат право на одбрана. За таа цел, засегнатите странки мора да бидат застапувани од законски застапник (прокуратор) и адвокат, кои се назначени од судот каде што засегнатите страни сами не назначиле. Доколку на странките не им е признаено правото на правна помош, ќе бидат обврзани да платат надоместок за правните застапници, за адвокатите, вештаците и надоместокот за сведоците. По завршувањето на кривичната постапка од странките се бара да ги платат трошоците. Но, доколку странките имаат право на правна помош, не мора да ги плаќаат адвокатските трошоци. Во тој случај државата е должна да ги надомести истите.

Уставот на Шпанија го гарантира правото на правна помош. Правната помош е постапка со која на оние кои немаат доволно финансиски средства им се доделуваат низа бенефиции: бесплатни правни совети и насоки пред почеток на постапка; пристап до адвокат на лицето кое е приведено или затворено; бесплатна одбрана и застапување од адвокат и законски застапник во текот на постапката; ослободување од плаќање на депозити за поднесување жалби; 80% намалување на надоместоците за одредени нотарски дејствија и други. *Правна помош може да побараат сите граѓани на кои им недостасуваат доволно финансиски средства за поведување на парница*. Се смета дека физичките лица немаат доволни ресурси кога можат да обезбедат докази дека сите компоненти на нивните годишни ресурси и приходи, пресметани по семејна единица, не надминуваат двапати од јавниот индекс на приход што се применува во моментот на аплицирање. Исклучоци постојат за физички лица со

[53] *Ibid* чл.1

попреченост и/или други семејни околности кои дозволуваат надминување на горенаведените граници на приход.

Поточно, право на правна помош имаат: шпански државјани, државјани на други земји-членки на Европската унија и сите странци кои живеат во Шпанија, каде што можат да покажат дека немаат доволно средства за судски спор; органите за управување со социјалното осигурување и заедничките служби; невладини организации; во постапките за вработување: сите вработени и корисници на системот за социјално осигурување и други. Комисијата за правна помош оценува дали физичките лица кои аплицирале за правна помош ги исполнуваат условите[54].

**Законот за парнична постапка** пропишува во кои случаи странката која го загубила спорот е должна да ги плати судските трошоци:

- По донесување на целосна пресуда, првостепените трошоци ги плаќа странката чии барања се отфрлени, освен ако случајот не покренува сериозни работи де факто или де јуре што треба да се разјаснат.
- Ако побарувањата се одобрени или отфрлени делумно, секоја страна ги плаќа своите трошоци и половина од заедничките трошоци, освен ако постојат основи за нивно наметнување на една од страните во постапката.
- Кога трошоците се наметнати на страната која губи, таа страна ќе треба да плати за делот што се однесува на адвокатите и другите правни експерти, во вкупен износ не повисок од една третина од предметната сума. Во случај кога не може да се утврди вредноста на предметот на постапката, побарувањата ќе се проценуваат на 18 000 евра, освен ако судот не утврди поинаку поради сложеноста на случајот.
- Кога странката задолжена да ги плати трошоците има право на правна помош, ќе се бара да ги плати трошоците за одбраната на интересите на спротивната страна само во случаите конкретно наведени во Законот за правна помош.
- На јавното обвинителство во никој случај не можат да му се наметнуваат трошоци во постапките во кои е странка[55].

Кралството Шпанија ги има ратификувано **Европската конвенција за човекови права и Протоколот P (81).**

## VII. РЕПУБЛИКА ФИНСКА

Во Финска основен закон со кој се регулира плаќањето на судските такси е **Законот за судски плаќања[56]**. Според овој закон, адвокатските такси и таксите за судски поднесоци се наплаќаат како надомест за постапките и мерките преземени пред судовите. Судската такса вклучува додаток во случај на судско порамнување или додаток за времена мерка. Дополнително, таксата вклучува компензација за која било друга мерка на органот во врска со предметот на постапка, освен кога наплатата или надоместокот за трошоците се посебно

[54] Официјална интернетска страница на Европската Унија https://e-justice.europa.eu/37/EN/costs?SPAIN&member=1 (пристапено на 13.9.2023)

[55] *Ibid*

[56] Закон за судски плаќања на Република Финска 29/2015 , LaVM 2/2015, EV 47/2015 https://www.global-regulation.com/translation/finland/2299174/court-fee-law.html (пристапено на 13.9.2023)

регулирани[57]. Висината на таксата Законот ја прецизира во зависност од судот пред кој се води постапката[58]. Плаќањата не смеат да ги надминат вкупните просечни трошоци направени од државата за производство на услугата[59]. Задолжително плаќање на судска такса е предвидено во случај кога тужениот е должен да поднесе противтужба и во случај на противтужба; ако две или повеќе лица се одговорни за плаќање на иста исплата, тие одговараат солидарно, а ослободувањето од плаќање за една од страните не ја намалува обврската за плаќање на другите страни, и во други случаи предвидени со Законот. Сепак, таксата нема да се наплатува врз основа на ослободување од плаќање на судски такси согласно Законот за правна помош.

Законот предвидува ослободување од плаќање на такси за јавни органи. Плаќањата според овој закон се бесплатни за: полициски, предистражни, обвинителски и извршни органи; агенција за кривични санкции за извршување на казните; општинските власти за прашања кои се однесуваат на старателство, родителска одговорност или забрана за задржување и во други случаи. Надоместокот не се наплаќа доколку: судот на правдата ја измени одлуката во интерес на жалителот; апелациониот суд ќе ја измени одлуката на понискиот суд во случај на жалба во интерес на жалителот; судот определи забрана за приближување и друго.

Висината на надоместокот ја одредува авторот, известувачот, сметководителот, добавувачот на книгата за набавки или кое било друго службено лице доделено на задачата[60].

Со Кодексот на однесување на Финската адвокатска комора е пропишано дека правните застапници мора да обезбедат претходни информации на страните во потенцијалната парница, за да ги разберат нивните права и обврски, нивните можности за успех и вклучените трошоци - вклучувајќи ги и оние што веројатно ќе бидат на товар на страната која ќе изгуби. Општо правило е дека, судските трошоци се на товар на страната која го загубила спорот. Во управните судови, секоја странка мора да ги сноси своите трошоци. Во пресудата на судот ќе се наведе дали губитничката страна треба да ги плати трошоците на победничката страна.

Граѓаните имаат право на бесплатна правна помош во граѓанските, кривичните постапките пред судовите. Правната помош се одобрува доколку се исполнети условите за доделување на истата. Општ услов е висината на приходите на барателот. Прагот на приходот, во зависност од постапката, се пресметува според поставена формула[61].

Република Финска ги има ратификувано Европската конвенција за човекови права и Протоколот Р (81).

[57] *Ibid* чл.1
[58] *Ibid* чл.2
[59] *Ibid* чл.3 ст.4
[60] Закон за судски плаќања на Република Финска, (чл.6 - чл.10)
[61] Официјална интернетска страница на Европската Унија https://e-justice.europa.eu/37/EN/costs?FINLAND&member=1 (пристапено на 13.9.2023)

## VIII. СУДСКИ ТАКСИ ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Плаќањето судски такси или даноци е карактеристика на европските судски системи, при што судските корисници се обврзани делумно да придонесуваат за нивното финансирање. Во сите држави и ентитети, освен Финска, Франција, Луксембург и Шпанија, од странките во парницата се бара да платат судски данок или такса за поведување постапка. Во Франција, пристапот до правдата е бесплатен и само неколку исклучоци се пријавени во одредени граѓански прашања, на ниво на жалба. Повеќето земји бараат од плаќање на судски такси за поведување граѓанска постапка; неколку земји бараат судски даноци и за граѓански и за кривични постапка. Во Шпанија физичките лица се ослободени од такси и само компаниите се обврзани да плаќаат. Во Финска, судските такси се наплатуваат по завршувањето на судската постапка. Во кривичната материја во Хрватска, Кипар, Грција, Црна Гора, Полска, Португалија, Србија и Швајцарија, странките во постапката мора да платат судски такси, кои се покриени со правна помош кога се доделуваат[62].

Надоместоците што судовите им ги наплатуваат на странките за решавање на побарувањата се пресметуваат на различни начини низ земјите членки на ЕУ. Тие спаѓаат во три главни категории: фиксни судски такси, такси врз основа на фиксен процент од побарувањето и такси кои варираат во зависност од вредноста на побарувањето. Некои од земјите, како што е Обединетото Кралство, дозволуваат пониски такси доколку побарувањето е поднесено преку Интернет. Во повеќето јурисдикции на ЕУ, апсолутната вредност на судските такси за постапката за мали побарувања се зголемува со вредноста на побарувањето, но има одредени варијации меѓу земјите членки.

Судските такси кои се релативно високи може да имаат штетен ефект врз побарувања во спорови од мала вредност. Судските такси кои се повисоки од 10 проценти од вредноста на побарувањето се сметаат за непропорционални и може да ги одвратат граѓаните од спроведување на правна постапка.

Во повеќето земји релативните трошоци за одење на суд се највисоки за долниот праг од 500 евра, а потоа се намалуваат како што се зголемува вредноста на побарувањето што покажува дека е релативно скапо да се оди на суд за спорови со релативно мала вредност. Во 10 јурисдикции на ЕУ, судските таксите се повеќе од 10 проценти од побарувањето за спорови до 500 евра. Највисоки такси има Естонија, при што судската такса за побарување од 500 евра изнесува 25% од вредноста на побарувањето[63].

Изработила: Лидија Поповска
Одобрила: Ивана Арсовска Трајановиќ
Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

________________________________

Златко Атанасов

---

[62] European judicial systems CEPEJ Evaluation Report, 2020 Evaluation cycle (2018 data) https://rm.coe.int/evaluation-report-part-1-english/16809fc058 (пристапено на 19.07.2023)

[63] Report 'Fast-tracking the Resolution of Minor Disputes' a https://documents1.worldbank.org/curated/pt/670181487131729316/pdf/Fast-tracking-the-resolution-of-minor-disputes-experience-from-EU-Member-States.pdf, Delivered by the World Bank in collaboration with the Ministry of Foreign Affairs of the Kingdom of the Netherlands (пристапено на 19.07.2023)

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1.Европска конвенција за човекови права, https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_mkd , чл.6

2. Закон за судските такси („Службен весник на РМ“ бр.114/09, 148/11, 106/13, 166/14 и „Службен весник на РСМ“ бр.257/20)

3. Препорака бр. Р (81), http://www.euromed-justice-iii.eu/document/coe-1981-recommendation-n%C2%BA-r-81-7-committee-ministers-member-states-measures-facilitating

4. Правилник за начин на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет „Службен весник на РМ“ бр.76/2012 од 18.6.2012 година.

5. Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=036451c4-94b9-4014-b297-740223ef9af0

6. Закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.257/2020 од 29.10.2020 година.

7. Закон за парнична постапка, Редакциски пречистен текст

8. Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ“ бр.101/2019)

9.Закон о судским таксама („Сл. гланик“ бр. 28/1994-762, 53/1995-1999, 16/1997-288, 34/2001-1 (др. закон), 9/2002-20, 29/2004-1, 61/2005-4, 116/2008-11 (др. закон), 31/2009-91, 101/2011-273, 93/2012-29, 93/2014-7, 106/201563,95/2018338, https://www.pravnoinformacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/1994/28/8/reg

10. Закон о парничном поступку („Сл. гласник“ бр. 72/2011-73, 49/2013-54 (УС), 74/2013-18 (УС), 55/2014-53, 87/2018-53, 18/2020-5, 10/2023-14 (др. закон)), https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/2011/72/2/reg ,чл.168

11.Закон за бесплатна правна помош -РС: 87/2018-77, https://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/skupstina/zakon/2018/87/15/reg

12. Закон за судски такси на Република Хрватска (НН бр.118/18, 51/23) https://www.zakon.hr/z/224/Zakon-o-sudskim-pristojbama

13.Закон за измена на Закон за судски такси на Република Хрватска (НН бр.51/23), https://narodne-novine.nn.hr/eli/sluzbeni/2023/51/840/pdf

14.Правилник за тарифа на судски такси https://www.zakon.hr/cms.htm?id=56446 (НН.бр.37/2023)

15. Закон за бесплатна правна помош во република Хрватска (НН бр. 143/13, 98/19), https://www.zakon.hr/z/286/Zakon-o-besplatnoj-pravnoj-pomo%C4%87i

16.Интернетска страница на Министерство за правда на РХ, https://gov.hr/hr/besplatna-pravna-pomoc/1114

17. Закон за судски такси на Република Црна Гора („Сл. лист“ РЦГ, бр. 76/2005, 39/2007 – Одлука УС РЦГ и 40/2010), https://me.propisi.net/zakon-o-sudskim-taksama/

18.Закон за парнична постапка на Црна Гора („Сл. лист РЦГ“, бр. 22/2004, 28/2005, 76/2006 иi "Сл.лист ЦГ", бр. 47/2015, 48/2015, 51/2017, 75/2017, 62/2018, 34/2019, 42/2019 и 76/2020), https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-parnicnom-postupku.html

19.Закон за бесплатна правна помош во РЦГ („Сл. лист РЦГ“, бр.20/2011) https://media.cgo-cce.org/2013/06/19-Zakon-o-besplatnoj-pravnoj-pomoci.pdf ,чл.2

20.European judicial systems CEPEJ Evaluation Report, 2020 Evaluation cycle (2018 data) https://rm.coe.int/evaluation-report-part-1-english/16809fc058

21.Report ‘Fast-tracking the Resolution of Minor Disputes’ a https://documents1.worldbank.org/curated/pt/670181487131729316/pdf/Fast-tracking-the-resolution-of-minor-disputes-experience-from-EU-Member-States.pdf , Delivered by the World Bank in collaboration with the Ministry of Foreign Affairs of the Kingdom of the Netherlands

22.Интернетска страница на Европската Унија https://e-justice.europa.eu/37/EN/costs?SPAIN&member=1

23. Закон за судски плаќања на Република Финска 29/2015 , LaVM 2/2015, EV 47/2015 https://www.global-regulation.com/translation/finland/2299174/court-fee-law.html

24.Интернетска страница на Европската Унија https://e-justice.europa.eu/37/EN/costs?FINLAND&member=1

25. Интернетска страница на НБРСМ https://www.nbrm.mk/kursna_lista.nspx

26. Интернетска страница на НБС https://www.nbs.rs/sr_RS/finansijsko_trziste/medjubankarsko-devizno-trziste/kursna-lista/zvanicni-srednji-kurs-dinara/index.html


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384